**Биографија на ученици од Генерација 1949/50 година од Мојот клас (од прво до четворто одделение) во О У Кирил Пејчинович, Лешок**

Во продолжение давам кратки биографии со фотографии (портрети) на 30-те мои соученици, со кои учевме заедно во Основното училиште во Лешок и тоа:

1. Митко Живков Спироски


Мите-1958

Мите-1959

Мите-1960

Митко-1963

Митко-1964

Митко-1968

Митко- 2018

Митко Спироски е роден 1949 во Лешок. Митко е син на Живко и Јорда Спироски од родот Лалошои *) од Лешок. Митко има брат Мирко и сестра Милица. Во секојдневната комуникација меословуват како Митко и почесто Лешаните ме викаат како Мите. Многу често од генерацијата ми додаваа и прекар - над име Мите- Гравче или Мите- Кумите. Митко во бракот со Славица од родот Ќулафкови од Велес имаат син Огнен и ќерка Искра. Огнен Спироски со сопругата Маја имаат ќерка Луна, а Искра Спироска со мажот Борче Ивановски имаат два сина: Стефан и Давид и ќерка Славица. За фамилијата и род Спироски имам напишано посебни текстови и напрваено генеалошко стебло во повеќе Табели во Мојата книга: Поповската фамилија и род СПИРОСКИ (Онуфриевски- Лалошои- Главинои-Византијци) од Лешок(стр.406 - 444 - извор: р. бр.1).
Митко има завршено економски факултет во Скопје и во работниот век работи во СОК на РМ -Централа, Скопје, МФ-УЈП, Скопје и во приватната фирма ТИМ Консалтинг, Скопје.
Митко има напишано пет книги, од кои две од областа на даноците и финансиите. Три книги се однесуваат за генеалогијата на неговата фамилија и род Спироски, односно Лалошои од Лешок, книга за спортот во Лешок и околината, книга за македонските народни песни од Полог.
Митко има напишано преку 60-на стручни написи и текстови од даночната и финансиската област и учествувал како стручен предавач на многу семинари и советувања од финансиската област, организирани од СОК на РМ-Централа во Скопје и од Сојузот на финансиски работници на Македонија, на кои учествуваат неколку илјади слушатели од цела Република Македонија.
За својата долгогодишна плодна работа во областа на финансии и даноци Митко се стекнува со неколку цертификати ( овластен ревизор, овластен проценител, овластен сметководител и овластен судски финансиски вештак).
За својата активност и придонес во развојот на даночната и финансиската проблематика во Македонија, Митко од Асоцијацијата на сметководствено финансиски работници и ревизори на Македонија и Асоцијацијата на Град Скопје има добиено пофалници и златни значки по повод 40 и 60 Годишнината на пост-

оењето на Сојузот на финансиски и сметководствени работници и ревизори на Македонија и на Сојузот на Град Скопје.
Иако здравстената состојба не му е добра, Митко не го жали трудот и напорот и се зафати со пишување и на книгата: Мојата генерација ученици 1949/50 од Лешок и Македонија, а во која ќе биде и овој текст во посебно поглавие под наслов: Мојата генерација ученици 1949/50 од Лешок, Македонија.
Митко е пензионер и денес живее во стан во општина Аеродром, Скопје. Митко денес пензионерските денови најповеќе ги поминува во Лешок во сопствената куќа, која ја изградија заедно со сопругата и со двете деца во 2012 година во новата населба Кале во Лешок, северно и веднаш над Лешочкиот манастир и над Лешочкото кале.
Митко е современо активен во комуницирањето на Facebook и има пост: Lesok.Macedonia, а своите електронски книги ги има внесено на својата Веб strana: www.spiroski.com.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |
| Огнен | Луна | Искра | Стефан | Давид |

2. Тодор Љубев Блажевски


Тодор-1958


Тодор-1960


Тодор- 2016

Тодор Блажевски е роден 1949 година во Лешок. Тодор е син на Љубе Блажевски од родот Ќапункооj *) од Лешок. Тодор е син на Славка Апостоловска, која е девојка од родот Котлинци од Јанчиште. Со Тодор сме втори братучеди по мајка ми Јорда, бидејќи мајка ми Јорда и тетка Славка се први братучетки од Родот Котлинци од Јанчиште. За родот Котлинци од Јанчиште, од кои потекнува мајка ми Јорда и тетка ми Славка, имам напишано посебен текст и напрваено генеалошко стебло во Табела бр. во Мојата книга: Поповската фамилија и род СПИРОСКИ ( Онуфриевски- Лалошои-Главинои-Византијци) од Лешок, Македонија ( стр.825-847-извор: реден бр.1).
Тодор има две сестри: Стеванка и Вера. Во секојдневната комуникација многу често Тодор гоословуваме како Тодор - Ќапунка. Тодор е оженет со Верка Илиоска од Прилеп и во бракот имаат две ќерки: Македонка и Елена. Македонка

Блажевска со мажот Majkl Bischoff во бракот имаат три деца: Ева, Олива и Еван. Елена Блажевска со Стивен Петровски е во врска и сеуште не е во брак.
Тодор во 60-те години заминува во САД и работи во Форд мотор корпорацијата во Детроит, со до пензионирањето во 2017 година.
Денес, 2018 година Тодор со семејството живее во Детроит, САД, и скоро секоја година како пензионер доаѓа во Лешок и Македонија.

|  |  |  |  |  | |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонка | Ева | Олива | Еван | Елена | |

3. Дафинка Ѓореа Мисајловска ( маж. Атанасовска)








Дафинка 1958 Дафинка-1959 Дафинка-1960 Дафинка-1963 Дафинка-1964 Дафинка - 2016

Дафинка Атанасовска е родена 1949 година во Лешок. Дафинка е ќерка на Ѓоре Мисајловски од родот Дабоќеej *) односно Мисајлooj од Лешок. Дафинка има двајца браќа: Крсто и Васко. Во секојдневната комуникација Дафинка ја словувавме како Дафинка, без да се додава прекар- над име. Дафинка е мажена со Иван Атанасовски од родот Гркooj од Лешок и има две ќерки: Верче и Биљана. Верче со мажот Синиша Божиновски имаат син Ненад и ќерка Маја, а Биљана со мажот Горан Бошевски имаат син Ѓоке и ќерка Сања. Дафинка скоро целиот работен стаж го има поминато во Ф-ка ЕДКО, Тетово. Дафинка е пензионер и денес живее во сопствената куќа во Лешок заедно со сопругот Иван.

| | |  |  |  |  |
|---|---|---|---|---|---|
| Верче | Ненад | Маја | Биљана | Ѓоке | Сања |

4. Радмила Слободан Спироска ( маж. Тодоровска )


Рада-1958


Рада-1959


Рада-1960


Рада-1963


Радмила-1964


Радмила - 2016

Радмила Тодоровска е родена 1950 година во Лешок. Радмила е ќерка на Слободан и Љубица Спироски од родот Лалошои *) од Лешок. Радмила во секојдневната комуникација јаословуваме со името: Рада. Рада има еден брат по име Борчо Спироски, кој почина во 2017 година. Рада е мажена со Мирко Тодоровски од родот Костадиноој од Долно маало од Лешок. Рада во бракот со Мирко имаат син Зоран и ќерка Маја. Мирко мажот на Рада почина 2016 година. Зоран е женет со Анета од Теарце и имаат две ќерки: Евгенија и Јелена. Маја е мажена со Зоран Перовски од Тетово и имаат син Стефан. Рада заврши средно медицинско училиште и работеше како медицинска сестра во Болницата за ТБЦ во Лешок и во Здравствениот дом Тетово.
Со Радмила (Рада) сме први братучеди по татко ми Живко, бидејќи татко ми Живко и стрико ми Слободан (Цобе) се браќа, кои потекнуваат од Родот Лалошои од Лешок. За родот Лалошои од Лешок од кои потекнува татко ми Живко Спироски од Лешок, имам напишано посебни текстови и направено генеалошко стебло во многу Табели во Мојата книга: Поповската фамилија и род СПИРОСКИ ( Онуфриевски- Лалошои- Главинои- Византијци) од Лешок, Македонија ( стр.353-388 -извор: реден бр.1 ).
Рада, денес е пензионерка и живее во Тетово, а повремено доаѓа и во Лешок, каде има во наследство дел од куќата на родителите во Лешок.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |
| Зоран | Евгенија | Елена | Маја | Стефан |

5. Дафинка Петреа Филиповска (маж. Симоновска )


Даца-1958


Даца -1959


Дафинка-1960


Дафинка - 2016

Дафинка Флиповска-Даца е родена 1949 година во Лешок. Дафинка е ќерка на Петре Филиповски од родот Такарооj *) од Лешок. Дафинка нема сестра или брат. Во секојдневната комуникација Дафинка јаословуваме како Даца. Дафинка има една ќерка по име Катерина. Катерина (Кате) е мажена со Зоран Стојановски од Вратница и имаат две ќерки Симона и Ивона. Кате работи во конфекција Лиотекс од Вратница, а Зоран работи во хирургија во Медицинскиот центар, Тетово. Симона е мажена со Владимир Михајловски од Беловиште, и им се роди ќерка во 2017 година. Значи, баба Дафинка стана пра баба. Ивона работи во фирма во Беловиште. Дафинка работеше во Тетекс, Нов Живот и Медицинска Пластика, Тетово. Дафинка има вродена мана и не слуша доволно, но, е многу итра и снаодлива, вицкаста и комуникативна како баба и Евра. Со Дафинка сме втори братучеди по баба ми Цвета, бидејќи баба ми Цвета и баба Евра се први братучетки од Родот Петкои односно Аџиини од Непроштено. За родот Петкои односно Аџиини од Непроштено од кои потекнува баба ми Цвета, имам напишано посебен текст и напрваено генеалошко стебло во Табела бр. во Мојата книга: Поповската фамилија и род СПИРОСКИ ( Онуфриевски-Лалошои-Главинои-Византијци) од Лешок, Македонија ( стр. 812-824-извор: ред. бр.1 ).
Дафинка денес е пензионер и живее во Тетово, а многу често доаѓа во Лешок во куќата на нејзините родители.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| Катерина | Симона | Пра внука на Даца | Ивона | |

6. Стојко Васев Коцевски








Стојко-1958 Стојко-1959 Стојко-1960 Стојко-1963 Стојко-1964 Стојко- 2016

Коцевски Стојко е роден 1949 година во Лешок. Стојко е син на Васе Коцевски од родот Костадинооj *) од Лешок во Долно маало. Стојко има еден брат по име Слободан- Цобе и сестра Загорка. Во секојдневната комуникација Стојко гоословуваме како Стојко и незнам дали имаше прекар. Стојко е женет со Љубица од Волковија и имаат усвоено ќерка Ема. Стојко заврши текстилно училиште во Тетово и прво работеше во Германија во Аугсбург во фирми за текстил. По

враќање од Германија работи во Тетекс. Жена му Љубица работеше во СОК-филијала, Тетово.
Инаку, на првата Средба на Генерацијата, на Стојко му се падна денарот и беше Кум на Втората средба на Генерацијата, која се одржа на 26 август 2017 година. Денес, 2018 година Стојко како пензионер живее во Тетово со своето семејство, а повремено доаѓа во Лешок, каде има наследено заедно со брат му Цобе, дел од куќата и имотот од нивните родители.

| | | |
|---|---|---|
|   | | |
| Ема | | |

7. Ристо Блажев Кипровски


Ристо-1958


Ристо-1959


Ристо-1960


Ристо-1964


Ристо- 2016

Ристо Кипровски е роден во 1949 година во Лешок. Ристо е син на Блаже Кипровски од родот Нањабукооj *) од Лешок. Ристо има брат Борко и сестра Љубица. Во секојдневната комуникација Ристо гоословуваат со прекарот Ристо - Нања. Ристо има син Љупчо и ќерка Лидија. Љупчо има два сина: Филип и Кристијан, а Лидија има две ќерки: Мирјана и Ивана. Ристо беше активен спортист и бранеше како голман во ФК Оникс од Лешок и беше одличен одбојкар во ОК Лешок, ОК Љуботен. За спортските активности на Ристо, повеќе имам пишувано во текстот: Истакнати спортисти од мојата Генерација од Лешок, Теарце и Тетово во мојата книга: ЛЕШОК, Македонија- 60 Години спорт ( фудбал, одбојка и др), што мож е да се прочита во ( стр.332-336- извор: ред. бр. 3 ).
Ристо работниот век го има поминато во АД Тетекс, Тетово, а денес е пензионер и живее во Лешок со сопругата.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  | |  | |  |  |
| Љупчо | Кристијан | Филип | Лидија | Мирјана ?? | Ивана |

8. Борко Јовев Вељановски


Боре 1958


Боре-1959


Боре-1960


Боре-1963


Боре-1964


Борко- 2016

Борко Вељановски ( Боре) е роден во 1949 година во Лешок. Боре е син на Јове Вељановски од родот Аљаљоој *) од Лешок. Боре има двајца браќа: Ане и Коле. Во секојдневната комуникација Борко гоословуваме како Боре или со прекарот Боре - Аљаља. Боре е женет со мојата прва братучетка Јелица од родот Котлинци од Јанчиште. Со Јелица жена му на Боре сме први братучеди по мајка ми Јорда, бидејќи мајка ми Јорда и Вујко Ставро се родени брат и сестра од Родот Котлинци од Јанчиште. За родот Котлинци од Јанчиште, од кои потекнува мајка ми Јорда и вујко Ставро, имам напишано посебен текст и напрваено генеалошко стебло во Табела бр.20, во Мојата книга: Поповската фамилија и род СПИРОСКИ ( Онуфриевски- Лалошои-Главинои-Византијци) од Лешок, Македонија ( стр. 825-847-извор: реден бр.1).

Боре живее и работи во Скопје. Боре во бракот има еден син Јовица и една ќерка Биљана. Јовица Вељановски е женет со Оливера Ковачева од Струмица и имаат две ќерки (близначки ): Елена и Јована. Јовица има завршено средно електротехничко училиште и работи во својата приватна фирма Глобал- Електрик од Скопје. Оливера е дипломиран дефектолог, но, не работи по струката, туку, работи во нивната фирма Глобал-Електрик. Биљана е мажена за Љубиша Димитријевиќ од Скопје и имаат една ќерка по име Марија. Биљана има завршено шумарски факултет, но, не работи по струката, туку, работи во фамилијарната фирма Глобал-Електрик. Љубиша работи како браварски техничар во приватна фирма во Скопје. Боре целиот работен век го поминува како мајстор во АД Топлификација, Скопје, а сопругата Јелица заврши срдно рударско-геодетско училиште во Пробиштип и целиот работен век го помина во Геолошкиот завод во Скопје. Боре го краси тоа што е многу мирен, вреден и поштен човек, а доста ја почитува нашата православна традиција. Боре денес е во пензија и има куќа во Скопје, но, многу често е во Лешок и работи на имотот кој го доби во наследство од родителите. Боре и синот Јовица планираат да изградат нова куќа во Лешок.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
|  | | |  | |
| Јовица | Елена | Јопвана | Биљана | Марија |

## 9. Душан Томев Божиновски


Душан -1958


Душан-1959


Душан-1960


Душан-1963


Душан-1964


Душан- 2016

Душан Божиновски роден 1949 година во Лешок. Душан е син на Томе Божиновски од родот Мазаракооj *) од Лешок. Душан има еден брат Никола и една сестра Велика. Во секојдневната комуникација Душан го ословуваме како Дуле или со прекарот Душан - Праник и Душан -Мазарак. Душан е женет со Стојна од Јелошник, кои подоцна се преселени во Теарце. Душан во бракот има два сина: Александар и Зоран. Александар е женет со германка и во бракот има ќерка Алена. Зоран е женет со германка и во бракот има син Филип. Душан замина на работа 1970 година во Берлин, Германија во Телефункен АЕГ и таму остана се до пензионирање. Душан учеше во Индустриско училиште- електро смер во Гостивар. Душан во Германија има купено земја и има изградено куќа во местото Neukolln, 80 км. јужно од Берлин. Нивата ја обработува и сади многу земјоделски производи ( зеленчук и овошје и др. ), а одгледува и стока (куче, крави, овци, пчели и др.), исто како да е во Лешок.
Душан е пензионер и пензионерските години ги поминува со сопругата во куќата во местото Neukolln, Германија и секоја година пред Голема Богородица ( Богоројца) доаѓа со фамилијата во Лешок.

|  |  |  |  |
|---|---|---|---|
| Зоран | Филип | Алексндар | Алена |

## 10. Делчо Стојанов Стевовски


Делко-1958


Делко-1959


Делко-1960


Делко-1963


Делко-1964


Делко- 2016

Делчо ( Делко) Стевовски е роден 1949 година во Лешок. Делчо е син на Стојан Мишко од родот Ќапункооj *). За време на школувањето Делко имаше презиме Љубевски, а сега Стевовски.
Татко му Стојан беше голем мајстор-зидар и негови дела се многу градби со камен и зидови од камен во Лешок. Аџо Стојан го зидаше и зидот во дворот на моите родители во Лешок. Јас, многу добро се сеќавам на ликот на аџо Стојан кој го викаа и Стојан - Штат, што на албански значи седум прсти. Аџо Стојан кога зидаше беше спор и зборуваше многу пополека. Кога зидаше виткаше режан тутун-качак и цел ден пушеше, просто речено пушеше цигара до цигара. Цигарата му беше залепена на усните и сама се гасеше односно догоруваше залепена на неговата долна рилка и веднаш виткаше нова цигара, ќе ја одлепеше од рилото догорчето старата цигара и палеше новата цигара.
Делчо има три сестри: Роса, Ружа и Симјанка. Во секојдневната комуникација Делчо гоословуваме како Делко или со прекарот Делко - Штат. Делко е оженет со Јагода од Фалише и имаат два сина: Анѓелко и Стојанче. Анѓелко со сопругата Верче имаат син Лука и ќерка Меланија, а Стојанче со сопругата Даниела имаат син Давид и ќерка Јана. Делко најпрво работи во ХЕК Југохром од Јегуновце, а потоа во МВР Тетово, како, милиционер. Жена му Јагода работи во Фабриката ЕТКО Тетово.
Делко, имаше фотоапарат и во својата колекција има многу фотографии со мотиве од Лешок.
Делко е пензионер и со сопругата Јагода пензионерските денови ги минуваат во Лешок.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |
| Стојанче | Лука | Меланија | Анѓелко | Давид | Јана |

11. Анѓелко Богев Мирчевски


Ане-1958


Ане-1959


Ане-1960


Ане- 2016

Анѓелко Мирчевски е роден 1949 година во Лешок. Ане е син на Боге Мирчевски-Гуља, кој работеше како возач на автобус во АТП Пролетер, Скопје и беше од родот Ѓуљакооj *) од Лешок. Ане има две сестри Вида и Мирјана. Во секојдневната комуникација Анѓелко гоословуваме како Ане или Ане- Гуља.

Ане е оженет со Стеванка Васил Јовановска од Колтук, Тетово. Стефанка работеше како проценител во осигурувањето во ЗОИЛ-Македонија-филијала Тетово, односно КЈУБИ Македонија. Во бракот Ане и Стефанка имаат две ќерки: Даниела и Богица. Даниела со мажот Бошко Јовановски од Тетово имаат два сина Мирослав и Ангел. Бошко работи како земјоделски техничар во Земјоделско училиште Моша Пијаде во Тетово. Даниела е анестезиолог и работи во Медицинскиот центар Тетово. Богица е мажена со Дарко Мицевски од Прилеп и имаат син Лука. Богица има завршено сообраќаен факулет, но, нажалост сеуште е невработена. Дарко има завршено факултет за сообраќај и воздухопловство и работи во Министерство за транспорт и врски, Скопје. Ане има завршено средно графичко училиште и целиот работен век работи како графички мајстор во Печатницата Напредок, Тетово. Ане е добар другар, знае да се нашали на своја и на туѓа сметка, но, е многу вреден мајстор во куќата.
Ане денес е пензионер и со сопругата Стефанка живеат во новата куќа која ја направија во Лешок.

12. Александар Петрев Момировски


Сане-1958


Сане-1959


Сане-1960


Санко-1963


Санко-1964


Александар- 2017

Александар Момировски е роден 1950 година во Лешок. Александар (Санко) Момировски е син на Петре Заков Момировски од родот Момирооj *) од Лешок. Санко има два брата: Борис (Борко) и Благоја (Блашко). Во секојдневната комуникација Александар гоословуваме како Сане или со прекарот Сане - Биро Бабино. Александар е оженет со Мирјана од Тетово од родот Лепурооj, која е забен техничар. Санко во бракот имаат ќерка Оливера и син Воислав, кои завршиле стоматолошки факултет. Санко заврши стоматолошки факултет и долги години работеше во Медицински центар Тетово. Санко и денес 2018 година работи како забар во фамилијарната Стоматолошката ординација „ Д-р Ацо „ во Тетово и тоа заедно со сопругата и двете деца. Во текот на 2017 година, ќерка му Оливера се мажи и има ќерка Алисиа. Оливера замина да работи во Германија. Синот Воислав оваа 2018 година замина во Германија да работи.
На Санко со делбата му припадна старата куќа од родителите и планира да ја реновира и во Лешок да ги поминува пензионерските денови со сопругата.